РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 08-8757/1

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА УЧЕНИЦИ ОД VIII и IX ОДДЕЛЕНИЕ

## „СНИМАЈ ПАМЕТНО, ОСТАВИ ТРАГА“

Меѓународниот Филмски Фестивал „КИНЕНОВА“ во соработка со Општина Кисела Вода распишува конкурс за ученици од VIII и IX одделение од основните училишта на територијата на Општина Кисела Вода за учество во креативна филмска работилница и натпревар за краткометражни филмови.

Повикот е наменет за сите млади кои сакаат да раскажуваат приказни од секојдневниот живот, да создаваат видео содржини и да го истражат филмот како начин на креативно и лично изразување.

Заинтересираните ученици треба да се пријават кај училишната комисија во состав: наставник по македонски јазик, претставник од стручна служба и наставник по Информатика од матичното училиште почнувајќи од 18.09.2026 година( петок) најдоцна до 28.09.2026 година.

Во првата фаза учениците треба да креираат кратко видео приказна во траење од 2 до 5 минути снимена со сопствен мобилен телефон или друг уред со кој располагаат.

КОНКУРСОТ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА ВО ДВЕ ФАЗИ:

**Прва фаза**-УЧИЛИШЕН НАТПРЕВАР

Во секое основно училиште ќе се реализира интерен повик за пријавување на заинтересираните ученици. Учениците ќе имаат задача да осмислат и снимат кратка видео приказна во траење од 2 до 5 минути користејќи ги сопствените мобилни уреди. Таа приказна да се прати на меилот на училиштето. По завршувањето на училишниот избор, од секое училиште ќе бидат избрани по двајца ученици, односно вкупно 16 учесници кои ќе продолжат во втората фаза.

**Втора фаза**-ФИЛМСКА РАБОТИЛНИЦА

**Избраните** 16 ученици ќе учествуваат во повеќе работилници со наслов: „СНИМАЈ ПАМЕТНО, ОСТАВИ ТРАГА“

Работилницата ќе биде менторирана од Марија Цицева, филмски режисер и документарист, а автор на концептот е Небојша Јовановиќ.

Во текот на работилницата учесниците ќе се запознаат со основите на филмскиот јазик, филмот како медиум и процесот на создавање на краткометражен филм. Под менторство учениците ќе имаат можност да ги развијат своите идеи, да пронајдат лични и општествено релевантни приказни и да ги преточат во кратки филмски форми.

По завршувањето на работилницата, учесниците ќе добијат рок од 3 дена за реализација на своите краткометражни филмови.

Креираните краткометражни филмови ќе бидат дел од финалниот натпревар, а најдобрите три филмови ќе бидат наградени со награди обезбедени преку спонзорства.

Најдобрите филмови ќе бидат јавно презентирани пред публика во Дом на култура„Билјана Беличанец" и подружницата на Домот на културата во Драчево.

Со работилницата се очекува да се постигне:

- Развивање на свеста кај младите дека мобилните телефони и дигиталните уреди можат да бидат моќни алатки за креативно создавање, учење илично изразување;
- Запознавање со филмот како медиум за уметничко, креативно и лично изразување;
- Поттикнување на младите преку филмскиот јазик да ги изразат своите идеи, ставови, искуства и погледи кон светот;
- Мотивирање на младите да се насочуваат кон креативни вештини, особено кон филмот како медиум за уметничко изразување;
- Насочување кон креативните индустрии и различните можности за уметничко изразување;
- Отварање и истражување на теми поврзани со младите, нивните предизвици, меѓусебните односи и општеството во кое живеат;
- Развивање на интересот за филмската уметност и создавање основа за нивна понатамошна едукација и професионална ориентација во областа на креативните индустрии;

За начинот на пријавување, условите и роковите, заинтересираните ученици можат да се обратат кај училишната комисија во своето матично училиште.

Краен рок за пријавување: 28.09.2026 во 9.00 часот

Меѓународен филмски фестивал„КИНЕНОВА“

Општина Кисела Вода